8 ТЕМА



Неговото величество:

Кире - Мајтапот

# ДЕМОКРАТИЈА ИЛИ ЕВРОКРАТИЈА

## - ДАЈ МИ ЈА, НА ТИ ЈА -





**Неговото величество:**

# Кире - Мајтапот

Просто како грав: две илјади евра плата, евтина и добра кола, работа со седење, добри дискотеки, кафеанчиња... Вива Еуропа!

А Вие би сакале во Европска унија?

Дали сакам во Европска унија? Не ми се дослушува - ајде уште еднаш. А дали риба сака вода, дали дете сака слатко, дали баба сака дедо? Не да сакам... ми се вреска колку сакам. А ти батка, да не си паднат од Марс?

А дали освен забава и убав живот Ве привлекува и нешто друго таму? Што, всушност, мислите за Европската унија... Нормално, оваа обединетава?

Види. Мене ми е прекарот мајтап а не тебе. Каква црна забава? Мене ме привлекува сè таму. Имаат демократија како бонбона. Полицијата си ја брка работата феноменално, судовите почитуваат закони, никој не смее да те малтретира, ако направиш договор ти се почитува, има социјална помош, па не мора да се плашиш како кај нас дека со илјада и петстотини денари ќе живееш цел месец, има супер здравствена заштита и, уште поважно, и за сиромаси и за богати, има стандард... Ако не друго, знаеш дали храната е здрава за јадење или не е - таму инспекциите си ја работат работата, потрошувачот е заштитен како да е црн носорог... А бре батка - има сè и сè функционира. Народецот не знае ниту како им се викаат министрите и секој си ја брка својата работа. Ти не гледаш дека новинарите таму ќе те фатат и да украдеш мебел, а не како кај нас - украдоа цели станбени блокови. И ти ме прашуваш дали сакам во Европска унија?



А дали знаете зошто е така таму?

?

Оти им дојде умот, па се фатија за работа, оти постојано се трудат за подобрување на демократијата и оти политичарите на свои плеќи ја носат одговорноста ако не го дотераат докрај обединувањето. Идеално не постои, само повеќе работат.

Сакаш да ти објаснам?

Прво: како им дојде умот. Видоа луѓето дека џабе склучуваат договори, кога на секои дваесет-триесет години повторно војуваат. Гради, гради- па после руши со војни. Им дојде преку глава. Затоа наместо да војуваат, тие ќе се обединуваат.

Второ: видоа дека политичарите само го плашат народот со „опасности однадвор" и дека се наоружуваат колку за да ги трошат парите и да земаат провизии. Но, кога имаш оружје, имаш и генерали, а тие не знаат ништо освен да војуваат. Така, народот си одбра политичари што се за обединување, наместо за војување.

Трето: големите фирми на Западот бараат голем пазар, каде што нема на секои сто километри да им застане некој цариник и да го покажува „празниот џеб". Сега имаат големи компании, кои се преголеми за сопствениот домашен пазар. Ајде нека се обидат да го затворат пазарот - нема шанси. Капиталистите ќе дадат многу пари за такви политички „мативоди" да појдат во предвремена пензија. Не е тоа Балкан па политичарите да прават што сакаат. Таму моќта не е само во рацете на политичарите, ами и во рацете на берзите, капиталистите, уметниците... народот.

Компренде?



Многу интересни мислења. Но, мора да Ви кажам дека Европската унија не била секогаш добро место за живеење, иако со векови била лулка на економскиот напредок, уметноста, филозофијата, литературата или поинаку речено – таа била главното место во светот, каде што цветала цивилизацијата.

Па, и не можела да биде. Толку многу ум имало во таа наша несреќна Европа, а сепак владееле глупави идеи, владетелски суети, неразумни желби за моќ и ширење на териториите и неброено многу војни. Па, можам да речам дека со векови Европа била како денес Балканот.



Да господине, жално е тоа, но јас искрено се надевам дека тоа е зад нас и дека ветерот најпосле „ќе дувне во нашите едра“ на патот кон Обединета Европа. Но, за тоа треба време, како што и на Европа ѝ требало време да се организира, исподоговори, да ги направи заедничките институции и да се претвори во она што денес го гледаме.

Тоа нè води до:

## Историјатот на формирањето на Европската унија

Идејата за создавање нова, обединета и слободна Европа започнува со идејата на Жан Моне и тогашниот министер за надворешни работи на Франција Роберт Шуман, на крајот од уште една светска катаклизма: Втората светска војна. Идејата била да се создаде заеднички пазар за јаглен и челик.

Ајде сега бидете чесен и кажете зошто токму за јаглен и челик? Зошто не била заедница за жито и енергија?

Па, се знае. Во тоа време да се води војна значело да се има јаглен и челик. Со контрола на производството на јаглен и увозот на челик и железна руда од Шведска и другите земји можело да се види која земја се подготвува за војна. Чесно кажано, поентата на европските сили била во тоа да не се дозволи енормно наоружување на некоја земја во Европа. Значи, Втората светска војна ги опаметила тогашните држави.

Ете, тоа е поентата. За прв пат во Првата и Втората светска војна државите што војувале виделе дека нема повеќе мали војни какви што се воделе дотогаш - на одреден простор и без големи жртви на цивилното население. Со новите оружја војната станала толку ужасна, што ниту најголемите поборници на војната не можеле да ја оправдаат.

Тоа е вистина, но има и едно друго гледање на работите. Европа веќе била поделена на „зони на влијание", едната под доминација на Америка и западните земји, а другата под Советскиот Сојуз. Ситуацијата била толку затегната што трета светска војна била „пред прагот" и ќе се водела најмногу во Европа. Но, да Ве потсетам: веќе постои атомско наоружување и на едната и на другата страна.

Ете, тоа и јас сакав да го кажам: до каде може да доведе неразумната политика. Европа навистина била меѓу чеканот и наковалната, поделена на демократска Европа и тоталитарна Европа, наоружана „до гуша" со американски и советски атомски бомби во Студената војна... Навистина, во тоа време никој пет пари не би дал за таква Европа.

Сепак, Европејците го увиделе тоа и решиле да започнат еден долг и темелен процес на обединување. Прво, тие сакале да најдат начин како веќе да не војуваат меѓу себе, па макар само и демократскиот дел на Европа.

А најмногу мислите на Франција и Германија, кои биле вечни ривали?

Накратко, Шумановиот план бил следниов:

**1.** Да се создаде европско единство преку создавање заеднички пазар за јаглен и челик. Имајќи предвид дека во тоа време тие две индустрии биле темели на економијата, би се создала и заедничка економска база и нов заеднички идентитет.

**2.** Најважен чекор во обединувањето било да се помират и да се зближат Франција и Германија, земји што со векови биле во војна една со друга.

Така, на 18 април 1951 во Париз министрите на 6 земји: Франција, тогашна Западна Германија, Италија, Холандија, Белгија и Луксембург потпишале договор за создавање Европска заедница за јаглен и челик - заедница што има власт повисока од власта на националните држави, но само во областа на производството и тргувањето со јаглен и челик на териториите на шесте земји. Во 1953 год. се формира заеднички пазар, а во 1954 год. Европската заедница за јаглен и челик за првпат се проширила со влегувањето на Велика Британија во неа.

Потоа им тргнало со договорите и јакнењето на заедништвото преку договарање за сите битни нешта.



Сега да ги споменеме тие главни договори на Европската унија. Тоа ти е нешто како Европски устав.

Законодавството на Европската унија претставува збир од многу договори. Некои од нив претставуваат основа на новата ЕУ и даваат простор за нејзино натамошно развивање. Со првиот договор (Париз, 1952) е формирана Европската заедница за јаглен и челик. Вториот договор (Рим, 1957) ги воспоставува Европската економска заедница (ЕЕЗ) и Европската заедница за атомска енергија (ЕУРОАТОМ). Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и проширувањето на соработката во правдата и внатрешните работи се постигнати со договорот склучен во Мастрихт, 1992 год. (изменет во Амстердам 1997).

Овие договори се нарекуваат Устав на Европската унија. Тие се дополнети со безброј други договори и сите тие заедно го сочинуваат законодавството на Европската унија, кое денес има над 80 000 страници пишан материјал.

Машала! Таму дипломатите се изнадоговарале.

Па, како инаку би создале заеднички институции, кои не би биле само на хартија туку искрено би работеле на заедништвото. Не е лесно да се гради заедништво кога до вчера сте војувале. Да не биле Студената војна и постојаната закана од атомска војна, сигурно побргу би одело и тоа обединување, но треба да се биде реален.

Па, кои се тие институции на Европската унија? Многу често се споменуваат по ТВ, но не знам точно зошто служат и како државите на Европската унија заеднички владеат преку нив.



Како што видовме, со договорот од Мастрихт, Европската унија има заедничка надворешна и безбедносна политика. Таа своја политика Унијата ја спроведува преку сопствени институции. Со прифаќањето на договорите, земјите-членки делумно се откажуваат од својата власт во корист на институциите на Европската унија. Овие институции ги поддржуваат и националните и заедничките интереси. Институциите се тесно поврзани меѓу себе и зависат една од друга.
Ова не е толку едноставна работа, затоа што државите што ја сочинуваат ЕУ и понатаму си постојат како држави и си имаат сопствени интереси.

**Европскиот парламент** е институција преку која се претставени граѓаните од државите-членки. Тој претставува демократски израз на политичката волја на граѓаните на Унијата. Преку него се претставени интересите на 373 милиони граѓани, а во својата работа не се разликува многу од работата на другите парламенти. Тој носи правни акти и ја контролира работата на извршната власт и врши контрола над буџетот на Унијата.
Европскиот парламент има 626 пратеници, кои се распределени пропорционално со големината на членките на ЕУ и се групирани во политички партии. Тоа значи дека, на пример, Германија како најголема држава има 99 пратеници, а Луксембург како најмала само 6 пратеници.

?

Значи ли тоа дека секоја држава од ЕУ претставува... како да кажам... како една изборна единица, но со различен број пратеници, во зависност од тоа колку гласачи има? И во тие изборни единици-држави, исто така се гласа за политички партии.

Така некако му доаѓа.

Потоа постои **Советот на министри на ЕУ**. Тоа е институција во која се претставени владите на земјите-членки. Тој ја понесува главната одговорност во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика, како и проблемите на криминалот, полицијата и слично. Советот на министри ги дели надлежностите со Европскиот парламент и е исто така одговорен за законодавството и за буџетските прашања. Советот се состои од по еден министер од секоја земја-членка, кој го покрива ресорот што е на дневен ред (на пример, министрите за здравство, кога Советот донесува одлуки за заедничката здравствена политика, министерот за култура, кога се работи за заедничката културна политика...). Со Советот претседава министерот на земјата-членка што во тој момент претседава и со Европската унија. Претседателството се менува од земја на земја на секои 6 месеци по веќе утврден редослед. Советот, во зависност од проблемот, решава или со мнозинство или едногласно. Секоја земја-членка има определен број гласови во зависност од својата големина.

**Европската комисија** е основана како независно тело коешто ќе го претставува заедничкиот интерес на сите земји-членки на Унијата. Одговорностите и надлежностите што ги има придонесуваат таа да биде во центарот на процесот на создавањето на политиката на Унијата. Таа ја има улогата на влада, со оглед на тоа што предлага закони пред Европскиот парламент и пред Советот на Европската унија. Во свои раце таа ги има извршувањето и одговорноста за остварувањето на заедничката политика. Исто така, таа го распределува и буџетот, а ги координира и активностите на Унијата. Во својата работа значително ги користи и услугите на националните администрации на земјите-членки. Понатаму, Европската комисија ја претставува Европската унија во меѓународните односи и врши преговори во име на Унијата. Комисијата е одговорна пред Европскиот парламент.

▸ ▸ ▸



На чело на Европската комисија стои претседател, кој се избира од страна на **Европскиот совет,** кој е составен од шефовите на државите и владите на земјите-членки на Европската унија. Во Комисијата членуваат и 20 комесари коишто донесуваат заеднички одлуки. Тие се назначени од страна на 15 национални влади во договор со претседателот на Европската комисија.

**Европски совет** или Самит на шефови на држави и влади на Европската унија има за главна цел да го поттикнува развојот на Европската унија и да ја насочува политиката на државите-членки во таа насока. На овие самити лидерите на земјите-членки водат расправи за најважните прашања за Унијата. Тоа што тие ќе го утврдат е обврзувачко за сите други институции на Европската унија. Овие самити се одржуваат најмалку двапати годишно.



Значи, ова тело е како некој вид „групен претседател" на ЕУ. Интересно.

**Судот на правдата на Европската унија** ја има судската власт во свои раце и е одговорен за спроведување на законите на Европската унија. Тој ги решава споровите против земјите-членки, меѓу институциите на ЕУ, меѓу Унијата и нејзините членки, како и меѓу приватните лица и Унијата. Тој, исто така, ги објаснува и законите доколку има некаков спор околу нивното значење.
Седиштето на Судот на правдата на Европската унија е во Луксембург.

Ова ми е малку нејасно. Сакате да кажете дека секоја држава-членка на ЕУ мора да се покори на решенијата на Судот на правдата? Зар тие земји немаат сопствено правосудство?



Сите земји имаат сопствено правосудство, но се знае што решаваат националните судови, а што Судот на правдата. Сепак, пресудите на Судот на правдата се обврзувачки за сите земји и за сите национални законодавства.

?

Добро, ми објаснивте подетално за институциите на ЕУ и гледам дека тоа навистина биле „здрави" институции и не биле про-форма, но не ми е доволно јасно она што цело време се зборува на ТВ... На пример, тој поим „евроинтеграции". Што значи тоа? Зар ЕУ не е веќе целосно интегрирана? Малку ми е и срам ова да го прашувам, но на еден просечен граѓанин во Македонија, кој е оптоварен со недоверба, малку тешко му е да ја сфати таа доверба меѓу тие држави-членки на ЕУ. Што е тоа што толку силно ги врзува... Би рекол, кое е тоа „лепило" што ги поврзува државите? Еве, сега веќе ги нема Студената војна и опасноста од атомска војна, ги нема Советскиот Сојуз и заканата од „извоз на комунизам", а сепак државите-членки на ЕУ се држат до тоа свое заедништво. Зар сега нема да им биде подобро да си бидат како порано - целосно независни?

Да мислат дека би им било подобро да бидат независни, тие тоа одамна би го направиле. А кога ме прашувате за „лепилото" што европските земји ги врзува да живеат заедно, јас би рекол дека тоа се заедничкиот пазар и заедничката валута. Се мисли дека со потполното обединување на Европа, таа ќе биде најголемата сила на светот, и тоа во секој поглед. Таа голема визија ги тера европските земји да истраат во тој свој сон. Некои економисти велат дека таа би била стопански посилна од Америка и Јапонија заедно. Замислете што би значело тоа за стандардот на луѓето, за науката, културата, за стабилноста.
Кога говориме за тоа, ние во суштина говориме за интеграции во Европа. Да напоменеме какви акции се преземени околу тоа.

## Економски интеграции и монетарна унија

Денес Европската унија претставува отворен пазар од над 350 милиони потрошувачи. На територијата на Европската унија сите даноци се изедначени и е воведена слободна трговија меѓу земјите-членки на Унијата. Тоа во голема мера ги засилува економиите на земјите-членки на ЕУ и го подобрува животниот стандард на граѓаните. Исто така, Европската унија има заедничка надворешна даночна политика спрема земјите што не се нејзини членки.

Економското поврзување на земјите-членки е уште поцврсто бидејќи е овозможено слободно движење на капиталот и на работната сила насекаде на територијата на Европската унија. Така на пример, работник од Италија може да бара работа во Англија или во Ирска, а инвеститорите од Германија можат да отвораат работни места во Финска, во Белгија, или во Шпанија. Последен степен на економската интеграција беше воведувањето на заедничката валута за цела Европска унија, еврото, кое беше воведено во 2002 година.

Сите земји-членки, освен Велика Британија, Шведска и Данска, го прифатија еврото за своја валута.

Секако дека економската интеграција и заедничкиот пазар не се можни без **политичка унија и заедничка надворешна и безбедносна политика.**

Самата природа на политичкото поврзување се гледа во тоа што институциите важат за сите земји-членки, а и преку тоа што сите држави земаат активно учество во работата на институциите на Европската унија. Европската унија има посебен визен режим за земјите што не се нејзини членки и на тие луѓе им треба виза за да влезат на територијата на која било членка на Европската унија (т.н. шенгенски визен режим). Ова важи за сите земји-членки на ЕУ, освен за Велика Британија и Данска. Еднаш кога ќе се влезе на територијата на другите земји-членки на ЕУ, може да се оди каде било. Тоа во голема мера го олеснува движењето на луѓето и отвора повеќе можности за секого.

Европската унија развива и заедничка надворешна и безбедносна политика, што најдобро се гледа од реагирањето на Унијата спрема трети земји, особено оние во кои има конфликтни ситуации. Пример за тоа е Македонија. Македонија е првата земја во која оваа политика и практично беше испробана на терен со доаѓањето на заеднички воени сили.



?

Од друга страна, тоа доведува до голема недоумица кај граѓаните на Република Македонија. Прво, од каде сега таа грижа на ЕУ за Македонија? Второ, како воениот ангажман на ЕУ се совпаѓа со нивните цели? Трето, дали „урнеците" на ЕУ ќе бидат спроведени и во Македонија? Некои се плашат дека ЕУ нема интерес и сила да воведе ред на Балканот. Баш ме интересира Вашето мислење за тоа. Или, уште подобро, одговорете ми кои се заедничките визии и цели на ЕУ, што се однесува до нивната заедничка безбедносна политика?

Мошне добри и суштински прашања. Прво за заедничките цели на ЗНБП за кои се договорени сите членки на ЕУ. Тие се декларирани:

- Да стане чувар на општите вредности, на темелните интереси, на независноста и интегритетот на Унијата во согласност со целите дефинирани со Повелбата на Обединетите нации;
- Да ја зајакне безбедноста на Унијата на сите можни начини;
- Да го зачува мирот и да ја зајакне **меѓународната безбедност**;
- Да промовира меѓусебна соработка;
- Да ги развива и да ги консолидира демократијата и владеењето на правото, како и почитувањето на човековите права и основните слободи.

?

Па тогаш, може ли доаѓањето на евро-силите во Македонија да се сфати како нивна грижа за сопствената безбедност, со тоа што ќе ги смири судирите „во нивното предворје", или како нивна грижа за подобрување и унапредување на демократијата и владеењето на правото во Македонија, човековите права и слободи? Ако е така, тогаш ЕУ не доаѓа во Македонија заради нас, туку заради себе. Не е ли тоа малку себично од нивна страна: да ни велат дека нам ни помагаат, а во суштина си помагаат себеси?

Навистина ви лежи прекарот, мошне џамбаски и паметно гледате на работите. Еве, да се прашаме: што би барал некој да ни помага ако нема сопствен интерес во тоа? Тоа е политика, а тука нема многу љубов туку само многу корист. Кога Европејците од ЕУ ќе дојдат кај нас – Европејците од Балканот, тие ќе трошат пари на своите даночни обврзници. Не можат евро-комесарите да им речат на своите даночни обврзници дека во Македонија идат од љубов, туку дека тоа е интерес и на Европа. И навистина, Европејците од ЕУ доаѓаат кај нас поради тоа што и нив „ги боли забот" каде што нè боли и нас. Прашањето е друго:

**Дали она што во овој момент ѝ користи на ЕУ ни користи и нам?**
и уште едно уште поинтересно прашање:
**Дали нивниот сегашен интерес е траен или со краток рок?**

Мое мислење е дека доаѓањето на евро-силите нам многу ни користи и одговара, а што се однесува до времетраењето на нивниот интерес, мислам дека тој е траен и долгорочен. Европската унија овој дел од светот го смета како свој составен дел и има долгорочен и траен интерес да помогне кај нас да се воспостават мир, стабилност, стандарди и вистински демократски систем. Би биле луди ако тоа не го искористиме.
И последно, време е да престанеме да ги обвинуваме другите за нашите неволи. Да сакаа големите сили да ја нема оваа држава, или да сакаа таа да се подели, досега ќе бевме чиста историја.

?

Значи, по Ваше, Европа би сакала да ја вклучи и Македонија во ЕУ. Верувате во тоа? Инаку, зошто би сакала кај нас да има мир, демократија, почитување на правото... Мислите дека Европа е расположена кај нас да потроши куп пари на нашиот стандард, да нѐ „делка" со години и на крајот да нѐ прими како членка на ЕУ?



Тука нема што да се мисли. Европската унија тоа го декларира и го спроведува. Ниту други земји во ЕУ не веруваа дека ќе бидат примени за членки на ЕУ, па еве, сега се во Европската унија. **Проширувањето на Европската унија** е позната работа, јасно обзнанета, па дури се одредени и критериуми за прием. Тоа не е спорно.
Европската унија претставува динамична организација, која постојано еволуира. Почнувајќи од шесте земји-основачи во 1950 година, таа прерасна во унија од 15 члена во 1995 година. Досега Унијата е проширувана четири пати.
Сега, на почетокот од новиот милениум, таа е предодредена повторно двојно да го зголеми бројот на своите земји-членки. За Европската унија постојат многу предизвици во насока на прифаќање на овој нов бран земји од Централна и Источна Европа, Кипар, Малта засега, а се надеваме во догледно време и Турција, а од неодамна и земјите од Балканот, меѓу кои и Македонија.



Но, потребно е да се знае дека Европската унија мора да им обезбеди прием на новите земји-членки, без да ги наруши претходните достигнувања. Дилемата е како да се пристапи кон проширување на Унијата со нови членови без да се сопре процесот на продлабочување на односите меѓу постојните. Навистина, во ЕУ мора да балансираат меѓу ширењето со нови земји и одличните односи што ги имаат со старите. Таму ништо не работат на сила, избрзано.
Новиот век ја нуди шансата за создавање Европска унија што ќе се простира низ цела Европа, унија којашто целосно ќе ги одразува вредностите на мирот, демократијата и заедничкиот просперитет. Секое успешно проширување досега им носеше голема корист на граѓаните на ЕУ, нови можности за европскиот бизнис, како и нови европски норми во заштитата на животната средина, во унапредувањето на човековите и на социјалните права.

!

Јас им се восхитувам на високите стандарди што си ги поставија. Просто неверојатно е колку се тие високи и како важат и за судството и за производството на автомобили, и во Германија исто како и во Грција. Со такви стандарди животот не може да ти биде неквалитетен.



Ете уште една причина зошто ЕУ не сака да се балканизира и бара повисоки критериуми за да прими некоја земја како рамна на себе. Главни критериуми за прием во ЕУ нема којзнае колку и тие се достижни, со упорна работа.

!

Значи, не мислите дека ЕУ поставува многу високи критериуми за прием на нови членки, за тие никогаш да не можат да ги достигнат.



Апсолутно не! Дури малку и „гледа низ прсти“ и помага тие стандарди да се достигнат. Еве, ќе ви набројам неколку, а Вие сами оцените дали се превисоки:

1. Како **политички критериуми**, најважни се: постоење на стабилни институции што гарантираат демократија, владеење на правото, човекови права и почит и заштита на малцинствата. Иако, за волја на вистината, Грција и Франција, кои се членки на ЕУ, сè уште ја немаат ратификувано Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.

2. Од **економските критериуми,** ЕУ бара постоење на функционална пазарна економија, како и капацитет за натпреварување со економските сили од Европската унија и со притисокот од конкуренцијата.

3. Како **правни критериуми** се бара капацитет (знаење, акти, врвно обучени лица) за целосно да се преземат одговорностите што доаѓаат со членството во Европската унија, вклучувајќи ја и поддршката на целите на политичката, економската и монетарната унија.



?

Дали ова нема да нè ограничи во нашата внатрешна политика, која нам ни одговара? Ми се чини дека овој последен критериум не е наполно прифатлив за нас.

Па, не оди ЕУ на Балканот, туку Балканот сака – во ЕУ. Од друга страна, како би функционирала ЕУ ако сите членки не ги прифаќаат нејзините основни принципи? Мене ми се чини дека основните барања на ЕУ се и наш внатрешен приоритет. Ако биде поинаку, лесно може да се случи процесите на одлучување во институциите на ЕУ да бидат блокирани. ЕУ и во минатото имала и има такви проблеми и не е повеќе расположена да ги трпи каприците на некои нејзини членки или идни членки. Во краен случај, секоја држава и понатаму е суверена и има право на сопствени ставови и политика.

Еве, баш да ја разгледаме ситуацијата со **Република Македонија и** нејзината јасна желба да биде членка на **Европската унија**.

Со напуштањето на стариот режим и прогласувањето на независноста, Република Македонија како своја





главна стратегиска цел си го постави членството во Европската унија. Во последниве десет години не постои политичар или политичка партија, т.е. политичка опција, што не го предвидува тоа во својата програма. Меѓутоа, требаше да поминат 10 години за да се дојде до првата фаза на нашето можно приклучување. Тоа се случи на 9 април 2001 година во Луксембург, кога беше потпишана Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија и нејзините земји-членки. На 12 април 2002 год. Собранието на Република Македонија ја одобри спогодбата. Во моментов се одвива процесот на одобрување на таа спогодба од националните парламенти на земјите-членки на ЕУ.

?

Значи, секоја земја-членка на ЕУ треба да го прифати примањето на Македонија?



Се разбира. ЕУ не е некоја фиктивна заедница, туку заедница на земји-членки, кои не се само декор.

Сепак, покрај желбата и дозволата на земјите-членки на ЕУ, најбитно е исполнувањето на критериумите за прием, а тие се состојат во определени законски измени, продолжување по патот на транзицијата, како и прифаќање на европските демократски вредности: зајакнување на институциите, доследна примена на правото, владеење на правото и почитување на човековите права и слободи.

?

Многу ме интересира каква е таа спогодба... Како изгледа...?

Самиот документ на спогодбата се состои од три дела: политички, правен и економски.

**Во политичкиот дел** јасно стои дека Македонија е потенцијален кандидат, што укажува дека шансата за членство е отворена, но откако ќе се исполнат сите услови што ги поставува Европската унија. Еден од најважните политички услови е барањето од Македонија да работи на подобрување на мирот во регионот, како и соработка со соседите. Интересно е дека овие два услови се поставени како најважни, што значи дека за да се влезе во Европската унија најпрвин земјите од нашиот регион ќе треба да соработуваат на највисоко ниво пред да влезат во ЕУ.

Е, тоа би било нешто ново за нас, кои сме научени само да обвинуваме, да си работиме зад грб и сл. А замислете: соседот е најважен.

**Правниот дел** не е многу спорен, а се состои во обврската постепено да го усогласиме своето законодавство со она на Европската унија. Тоа значи дека веќе спомнатите 80 000 страници правен материјал треба не само да се преведат и да станат важечки закони и правни норми во Македонија туку, уште поважно, да бидат имплементирани и да функционираат.

Тоа е нашиот вечен проблем, затоа што носиме закони што ги менуваме мошне бргу, некои не функционираат воопшто... Имам впечаток дека многу импровизираме со тие закони. Дали и Вие го делите ова мислење?

Целосно! Честото менување закони е одраз на несигурна држава. Најголеми последици од тоа трпиме во поглед на странскиот капитал, кој не доаѓа ако нема стабилен правен систем.

**Економскиот дел.** Ова е централниот и веројатно за обичните граѓани најважен дел од договорот, ако го имаме предвид фактот што со овој договор се регулира слободното движење на стока, на производи, на работна сила, на услуги и капитал. Како главна цел во иднина се поставува создавањето на една зона на слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕУ. Исто така, се предвидува укинување на сите царини освен за производите од челик, од текстил и за земјоделските производи.

Значи, ќе се помачиме за тие две илјади евра плата, сигурна држава и сите други работи коишто Македонија ќе ја направат убаво место за живеење. А можеби тоа е и единствениот начин да си изградиме убава иднина и нашите највредни девојки и момчиња да не мора да одат на печалба низ Европа, кога може Европа да дојде кај нас.

Зборувате за **brain drain** – како што модерно го нарекуваат „одливот на мозоци“, односно нашите најдобри кадри?

Ами за што друго. Мене „коски ми се ребрат“ затоа што и синот и ќерката сакаат да заминат во некоја европска земја на печалба. Децата се со сите десетки, вредни, паметни... а таа памет ќе ја користи некој таму по белиот свет... Да не зборувам за тоа што мене срцето ќе ми препукне што нема да ги гледам тука.

